# КУЛТУРНО МИНАТО

М-р Кирил МАКЕДОНСКИ

## РЕВОЛУЦИОНЕРОТ СТИВ НАУМОВ И НЕГОВАТА ЉУБОВ КОН МУЗИЧКИОТ ИЗРАЗ

Како прилог кон согледувањето на комплетниот лик на народниот херој Стеван Наумов — Стив, мислам дека е потребно и интересно да се разгледа и оцени неговата наклоност кон музиката и улогата што музичкиот елемент ја одигра во неговото оформување како човек и револуционер.

Пред сè, разгледувајќи го неговиот животен пат, може да се констатира дека музиката воопшто му правела силен впечаток, ја разбранувала неговата психа и го терала и сам активно да се занимава со музика во разни форми. Имено, Стеван Наумов пеел и свирел на виолина со голема заинтересуваност и љубов кон музичкиот израз, како аматер.

Музичката дејност на Стив беше усмерена во три правци:

1. Како љубов кон пеењето,
2. Како љубов кон музицирањето на виолина, и
3. Како пропагатор на пролетерската револуционерна песна.

### I.

ПЕСНАТА го привлекуваше вниманието на Стив Наумов од две причини. Прво, затоа што тој самиот имаше вонредно убав и пријатен глас, и второ, затоа што во песната чувствуваше идејна симболика и психолошка сила.

Макар што како дете не се истакнувал со пеењето, подоцна како гимназијалец, во друштво со другарки и другари, на вечеринки, екскурзии и други прилики, беше забележлив. Често пати, при одење групно на екскурзија, на чело на колоната (повисок по раст од сите) ја започнувал песната, давајќи интонација на целата колона. Екскурзиите воглавно биле повеќе пати правени во околината на Битола, како на пример Буковскиот манастир, Крсторскиот манастир, Смилево и др.

Стив имаше одличен слух и глас со светол тембар. По мислењето на оние, кои пееле со него, може да се смета дека гласот на Стив бил баритон.

## II.

ВИОЛИНАТА на која свирел Стив Наумов била донесена од Австралија, своина на Гаврил Наумовски, 1932 година, а која подоцна била продадена на сестра му на Стив. Кога почнал да свири, Стив бил во II или III клас на гимназијата. Виолина учеше кај професорот Милое Јовичиќ. Учењето било бесплатно. Но, позната е анегдотата за нашиот, мислам и мој, професор по виолина Јовичиќ, кој што фалш-нотите ги лечеше со гудалото, така што и Стив Наумов не бил поштеден од повремено почешување по главата.

Во однос на материјалот по виолина што Стив го минал, влегуваат I, II и III свеска од Школата за виолина Хохман, потоа првите свески од Шевчик, како и придружните материјали — сола и дуети од Шуберт, Чајковски, Дворжак, Брамс и други композитори. Стив учествуваше и во оркестарот на гимназијата, што на неколку пати настапуваше пред публика, во салата на гимназијата и во театарот. Денешниот ликовен уметник Борче Трајковски, кој во тоа време исто така учел виолина, се сеќава дека тогаш на програмата на гимназискиот оркестар, меѓу другото, била „Хуморескатa" од Дворжак, што зборува за релативно доброто ниво на оркестарот. Воедно може да се истакне дека во тие години градот Битола воопшто имаше добар музички живот, пред сè, со присуството на голем број добри професионални музичари во војниот симфониски оркестар.

И во времето кога Стив беше на студии во Белград, како студент на Техничкиот факултет, со себе ја имал и својата виолина и активно се занимавал со музика, свирејќи со своите другари во студентскиот дом.

## III.

Необично надарен за истанчени опсервации за природата и настаните во општеството, полн со љубопитност, со голема љубов кон родната земја и најнапредните општествени движења, благороден, убав, русокос, со интелигентни сини очи и кротка насмевка, Стеван Наумов не случајно ја негуваше и љубовта кон музичкиот израз. Напоен со револуционерните народни песни, кои во тоа време беа јавно забранувани и за кои се одеше во затвор, Стив со жар ги прифаќаше, пееше, свиреше и ги ширеше пролетерските револуционерни песни, како на пример: „Интернационалата", „Широка страна маја радная",

„Падај сило и неправдо“, „Буди се исток и запад“, „Билеќанка“, „Лениновиот посмртен марш“ и други.

Од горното изведувам *заклучоци:*

1. Музиката имаше посебно значајно место како психолошки фактор во будењето на револуционерната свест на народниот херој Стеван Наумов — Стив.

2. Херојот Стив ја сфаќаше социјалната и политичка улога на музиката, и во таа смисла тој ја користеше нејзината моќ во револуционерната борба.